**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 1403-88/3**

**Скопје, 22.01.2007 година**

**ДО**

**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ЕДИНИЦАТА**
**НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА САМОКОВ**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Фонд за локални патишта, улици и комунални дејности на Општина Самоков за 2005 година, кои се прикажани на страните од 4 до 5.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 55 од Законот за Буџетите, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Фонд за локални патишта, улици и комунални дејности на Општина Самоков за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од :

- Васо Кузманоски – овластено лице за застапување на Фондот од 21.11.2000 до 01.06.2005 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 3 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена на ден 08.11.2006 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

***Овластен државен ревизор***

______________________

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2005 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Ненаменско и незаконско користење на средствата**

**10.1.1. Направени расходи без претходно обезбедени средства со буџет/финансов план и спротивно на законските прописи**

10.1.1.1. Спротивно на член 33 од Законот за Буџетите, без Одлука за прераспределба на планираните расходи, од сметката на Фондот за локални патишта, улици и комунални дејности на Општина Самоков потрошени се средства во износ од 157 илјади денари повеќе од планираните со Буџетот на Фондот, а се однесуваат на ставка Тековно одржување.
Непостапувањето на органите и службите на општина Самоков согласно одредбите на Законот за буџетите придонесува за ненаменско користење на средствата со кои располага општина Самоков.
Ревизијата не дава препорака по овој наод од причина што со Законот за територијална организација на единиците на локалната самоуправа во Република Македонија досегашната општина Самоков е населено место на општина Македонски Брод.

**10.1.2. Неприменување на постапките од Законот за јавни набавки**

10.1.2.1. Спротивно на одредбите на член 56 од Законот за јавни набавки без спроведување на постапка за јавна набавка ангажирана е фирмата „Мартин„ за вршење на услуги зимско одржување на патиштата - чистење на снег во повеќе населени места во општина Самоков за што се направени трошоци на износ од 346 илјади денари.
Неспроведување на постапките за јавни набавки согласно Законот за јавни набавки создаваат можност за фаворизирање на одредени фирми, ја спречуваат конкуренцијата и придонесуваат за набавки по зголемени цени.

**Препорака:**

Надлежните органи во општина Македонски Брод да ги имаат во вид овие неправилности и да обезбедат целосна примена на Законот за јавни набавки во сите негови аспекти во зависност од видот и вредноста на набавката.

11. Според наше мислење финансиските извештаи ја претставуваат вистинито и објективно, според сите значајни аспекти финансиската состојба на Фонд за локални патишта, улици и комунални дејности на Општина Самоков на ден 01 Јуни 2005 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точката 10.1., кај сметката на Фондот за локални патишта, улици и комунални дејности на Општина Самоков, не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2005 година.

**Скопје, 17.01.2007 година** **Овластен државен ревизор**

**Фонд за локални патишта, улици и комунално уредување на Општина Самоков**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2005**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2005 | 2004 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.1. | 89 | 509 |
| Неданочни приходи | 3.2. | 11 | 46 |
| Трансфери и донации | 3.3. | 387 | 1.720 |
| **Вкупно приходи** | | **487** | **2.275** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Стоки и услуги | 3.4.1. | 487 | 346 |
| Тековни трансфери до единиците на локална самоуправа | | 0 | 943 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **487** | **1.289** |
| **Капитални расходи** | | **0** | **600** |
| **Вкупно расходи** | | **487** | **1.889** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **0** | **386** |

**Фонд за локални патишта, улици и комунално уредување на Општина Самоков**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 01. ЈУНИ**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2005 | 2004 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | | **0** | 388 |
| Краткорочни пласмани, кредитирање и позајмување | 4.1.1. | 510 | 510 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.2. | 1.984 | 1.622 |
| **Вкупно тековни средства** | | **2.494** | **2.520** |
| **Вкупна актива** | | **2.494** | **2.520** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.2.1. | 1.983 | 1.622 |
| Краткорочно обврски за даноци, придонеси и други давачки | 4.2.2. | 1 | 2 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.3. | 510 | 896 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **2.494** | **2.520** |
| **Вкупна пасива** | | **2.494** | **2.520** |

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИТЕ НА КАПИТАЛНИ СРЕДСТВА ЗА 2005 ГОДИНА

во 000 Ден.

| О П И С | Државен јавен капитал (извори на капиталните средства со кои располагаат и управуваат буџетите и фондовите) | Вкупно |
|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2005 година** | | - |
| **Зголемување по основ на:** | - | - |
| Набавки | - | - |
| Инвестиции во тек-градежни објекти | - | - |
| Ревалоризација на капитални средства | - | - |
| **Намалување по основ на:** | - | - |
| Отпис на капитални средства | | - |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | - | - |
| Амортизација | | - |
| **Состојба 31.12.2005 година** | - | - |